**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 28.09.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4617 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-4207/1 од 29 август 2016 година);

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 28 август 2016 година, Дневник во 19 часот;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста)

6. **Претходно изречени мерки:** Известување за констатации од програмски надзор бр. 03-900/1 од 15.02.2016г., Известување во врска со наоди од надзори реализирани по пристигнати претставки од СДСМ бр.03-2393/1 од 15.04.2016г., Известување во врска со наоди од вонреден програмски надзор реализиран по пристигнати претставки од СДСМ бр.03-2711/1 од 04.05.2016г.;

7. **Констатации од надзорот:**

Врз основа на претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-4207/1 од 29 август 2016 г.), за три новинарски прилози (*Рудникот за олово и цинк „Злетово" – Пробиштип од денеска повторно почна со работа* и *Производството во рудникот го обнови новиот концесионер, бугарската компанија „Минстрој"*; *Ќе има ли или ќе нема избори во декември, што вели претседателот на СДСМ Зоран Заев?*; и *Навивачите му порачаа на Зоран Заев да не доаѓа на македонски натпревари*), емитувани во Дневникот на ТВ Сител во 19 часот од 28 август 2016 година, направена е анализа за два од прилозите кои се оспорени во контекст на член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – начела за вршење на дејноста.

Коментаторскиот извештај, преку телопот насловен како „Ќе има ли или ќе нема избори во декември, што вели претседателот на СДСМ Зоран Заев?", е емитуван во периодот од 19:19:14 до 19:21:02.

Предмет на претставката за овој прилог, всушност е проблематизирање на точноста на наводите и шпекулациите во најавата за прилогот и потсмевањето со Зоран Заев поради изречен лапсус (цитат):

- *Во конфузната и нестручна најава, уредникот прво дава лажна изјава дека „лицето Даут Даути е најблиску до избор", па покажува елементарно непознавање на областа „...од каде на СДСМ право да блокира...", за на крај да заврши со спин дека кандидатот на СДСМ „е токму човекот кој со метална шипка се обидувал да тепа новинар и тоа ни помалку, ни повеќе дописникот на МИА од Брисел, кој во тоа време се наоѓал во Скопје"* [како и дека] *...во истиот прилог ја злоупотребува изјавата на Заев каде од еден наивен lapsus linguae...прави пародија и обид за дискредитација на Заев.*

По двете основи, на подносителот на претставката му стојат на располагање механизмите од Законот за медиуми за право на одговор на објавена информација и од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Меѓутоа, во овој контекст треба да се има предвид и определбата од *Декларацијата за слобода на политичката дебата во медиумите усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 12 февруари 2004*, особено во деловите III и VI:

*III. Јавна дебата и надзор врз политичките фигури*

*Политичките фигури одлучиле да ја побараат довербата на јавноста и прифатиле да бидат подложени на јавна политичка дебата, а со тоа и на близок надзор од јавноста и, потенцијално на големи и силни јавни критики преку медиумите во однос на начинот на кој ги извршуваат своите функции.*

*VI. Репутација на политичките фигури и јавните службеници*

*Политичките фигури не треба да уживаат поголема заштита на нивната репутација и другите права во споредба со другите поединци, поради што не треба да се изрекуваат построги санкции според домашното право против медиумите кога тие ги критикуваат политичките фигури.*

Прилогот „Навивачите му порачаа на Зоран Заев да не доаѓа на македонски натпревари", е емитуван во временскиот период: од 19:21:02 до 19:24:49 часот. Според подносителот на претставката со прилогот се прекршени - членот 48 и членот 61, став 1, алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и Кодексот на новинарите на Македонија, членовите 7, 10, 11, 13 и 16. Во реакцијата на СДСМ се вели (*цитат*):

- *И со најавата на уредникот и со изјавата на гостинот во прилогот, а посебно со новинарскиот текст, се поттикнува и се шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на националност;*

<u>*Новинарски жанр на прилогот*</u>: На повеќе структурни нивоа од аудиовизуелната целина, почнувајќи од непосредната најава за прилогот, преку секвенционалното врамување/(ре)контекстуализирање на користената аудиовизуелна граѓа (*видео, фотографија, графика/текст, изјава/сведоштво*) – новинарскиот прилог претставува жанровски хибрид од два аналитички жанра – коментар и интервју.

<u>*Користени аудиовизуелни цитати*</u>: Интервју со Љупчо Трпезановски, припадник на „Стара гарда Комити", навивачка група на ФК Вардар (Скопје); интервјуто не е прикажано со линеарен континуитет, туку градациски, преку постапката на нелинеарна монтажа, презентирано е како низа засебни изјави распоредени во прилог на мериторна поткрепа за тезите на новинарскиот коментар.

<u>*Визуелна/графичка илустрација на коментарот*</u>:

- Снимки/screenshot - (веројатно) од twitter профилот на Зоран Заев (*цитат*): „<u>*Навиваме за #Шкендија и за нов успех на #Македонија*</u>";
- Фотографии од графити против Зоран Заев: „<u>*Заев е персона нон грата на Вардар*</u>", „<u>*Комити ги имаат Гоце, Јане и Даме! Заев го има Џемо Хаса! Засрами се предавнику!*</u>";

- Фотографија од монтажа на Зоран Заев со албанско кече, со придружен текст - „*Balist No. 121 Brigada Xhem Hasa Забрането продавање карти за македонски натпревари на ова лице*";
- Снимки од фудбалскиот натпревар Шкендија – Гент;

***Транскрипт на новинарскиот прилог***:

*Најава за прилогот*, дадена од Драган Павловиќ Латас, уредник/водител на ТВ Дневникот (*цитат*):

- *Кога сме кај Заев. Нема крај на гафовите. Не верувам дека постои Македонец, дури ни од СДСМ, дури ни од неговото пошироко семејство, а камо ли од СДСМ, кој ја поддржува неговата појава да биде дел од радикалните навивачи на „Шкендија" кои заговараат Голема Албанија и цело време на своето навивање ја поништуваат Македонија барајќи да биде поделена помеѓу Косово и Албанија. Гласови се бркаат, тоа е точно, тоа го прават сите политичари, ама овде Заев гласови не добива сигурно;*

*Транскрипт од интервјуто и од коментаторските поенти во аудиовизуелната целина на прилогот*, хронолошки - според начинот по кој е структурирана аудиовизуелната целина:

Ивона Талевска, потпишана како авторка на прилогот:

- *Ниеден политичар во светот не оди на стадион да гледа фудбал освен ако не игра националната репрезентација против друга репрезентација или евентуално ако е гостин во друга држава како претставник на својата земја. Кај нас тоа не е случај, вели во изјава за Сител - Љупчо Трпезановски, дел од Старата гарда на навивачкиот клуб Комити.*

Ивона Талевска:

- *Дали некогаш, Вие сте дел од Старата гарда на Комитите, дали некогаш претседателот на СДСМ Зоран Заев сте го виделе меѓу навивачите на Вардар?"*

Љупчо Трпезановски:

- *Никогаш. Досега, до ден денешен, ниеднаш. Јас мислам дека не ни знае кај се наоѓа Градски стадион, едноставно е донесен на Градскиот стадион завчера на утакмица.*

Ивона Талевска:

- *Трпезановски не сакаше да го коментира сепаратизмот, национализмот и вандализмот на Балистите на „Шкендија" кои го демолираа целиот стадион „Филип Втори" во четвртокот, направија и инциденти по што неколкумина се и приведени, а ја уништија и зелената површина во градскиот парк."*

Љупчо Трпезановски:

- *Назад повеќе години се случуваат такви ситуации особено кога играат клубови од друга националност. Еве да посочиме некои си клубови од Западна Македонија. Доаѓаат на нашиот,*

*Градски стадион, македонската национална арена, прават нереди прават све, прават нереди и не трпат никакви последици за нивното вандалско однесување. Можеме да се сетиме наназад уште од времето кога еден од клубовите играше во Кичево и го симна националното обележје, го фрли на земја, го закачи, закачи друго обележје на друга држава и исто така тогаш државата, односно полицијата не изреагира.“*

Ивона Талевска:

- *Но, како дел од Старата гарда на Комитите вели дека сите навивачки клубови треба да се еднакви пред законот;*

Љупчо Трпезановски:

- *Апсолутно се сложувам со тоа. Власта треба да изреагира онака како што треба да изреагира. Дали тоа се работело за фудбалскиот клуб „Рудар“, дали се работело за фудбалскиот клуб „Вардар“, „Шкендија“, „Слога“ и било кој друг, законот мора биде подеднакво за сите исти. Не може некој да дојде на арената „Филип Втори“, да крши столчиња, да пали знамиња, да пали транспаренти, да не одговара пред никого, а додека друга некоја навивачка група ако направи минимална штета на Градскиот стадион и било каде низ државата да биде санкциониран, да биде приведуван, да биде казнуван.“*

Ивона Талевска:

- *Шкендија на овој натпревар загуби 4:0. Но, тоа е најмалку важно. Она што најмногу треба да загрижува е: Која држава ја претставува „Шкендија“? Иако клубот испрати соопштение во јавноста со кое потенцираше дека ја претставува Македонија низ Европа, доволно е да се погледнат сликите од натпреварот и ќе се забележи дека се веат знамиња на Албанија, на УЧК и карти на Голема Албанија. Во тоа ги поддржа лидерот на СДСМ Зоран Заев. Сам се пофали на социјалните мрежи. На јавноста, а посебно на навивачките групи воопшто не им се допадна ова. Дел од групите му порачаа на лидерот на СДСМ дека не е добредојден на ниту еден натпревар на кој тие ќе играат, како и му порачаа дека ги имаат Гоце Делчев, Јане Сандански и Даме Груев, а не Џемо Хаса. Со осуда излезе и член на битолските Чкембари кој јавно го покани Заев да присуствува на натпревар на „Пелистер“, порачувајќи му дека нема да си оди од Тумбе Кафе;*

***<u>Заклучок:</u>***

Анализираниот новинарски прилог, жанровски хибрид од два аналитички жанра - коментар и интервју, претставува експлицитен пример за грубо прекршување на низа елементарни одредби од кодексот на професионалното новинарско работење, опфатени и со членот 61, став 1, алинеи: 1, 2, 3, 6 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

(1) - *Негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста;*
(2) - *Еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот;*

(3) - *Поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло;*
(6) - *Поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи;*
(9) - *Објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.*

Прекршувањето на посочените основни професионални етички принципи од новинарското работење опфатени со членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во анализираниот новинарски прилог е направено преку манипулативната стратегија на т.н. – *„атентат врз карактер (личност)*". Во прилог кон примарната аргументација за ваквата констатација, предвид се земени повеќе аспекти од формативниот есеј - *„Атентат врз карактерот: интердисциплинарен приод*" (*достапен на* https://characterattack.wordpress.com/our-publications/), чиј автор е д-р Ерик Шираев, професор од областа на компаративните студии – меѓународни односи, политичка психологија и историја на науките, од отсекот за Политички науки при George Manson University, Washington DC.

Веќе во воведниот дел на есејот се вели (цитат):

- *Какво било соочување во општествениот, професионалниот и во политичкиот живот, неретко прилега на спор преку зборови и слики. За да се победи во политички натревар или за да се остави впечаток врз јавното мислење, се употребуваат симболи, етикети и широка палета описи. Мошне често таквите описи претставуваат очебијни претерувања, па дури и изврртувања. Тие се упорно насочени - не кон делата на некои луѓе, туку поскоро кон нивните личности. Напаѓајќи нечиј личен живот, некои податоци од неговата биографија, како и некои негови посебни карактеристики (што чисто пригодно ги нарекуваме – „карактер"), тој што напаѓа се обидува жртвата да ја нападне политички, морално, општествено, или психолошки та по тој начин, во зависност од околностите, да ја измести жртвата (него/нea) од контекст, да го заведе јавното мислење, или да постигне некоја друга цел. Таквите напади ќе ги наречеме – атентат врз карактер/личност, односно - промислен напад што може сериозно да наштети врз угледот, врз карактерот, врз општествениот статус, или врз делата на некоја личност. Мотивацијата за атентат врз карактерот обично е втемелена во желбата на напаѓачот (атентаторот) психолошки да ѝ наштети на жртвата и да ја намали јавната поддршка за неа. Во крајна линија, на тој начин се урнисуваат или се уништуваат можностите за успех на одредена личност. Во други случаи, пак, атентатот врз карактерот се спроведува за да ѝ се наштети на каузата што одредена жртва ја симболизира или ја застапува.*

Во случајов, структурата на употребената аудиовизуелна граѓа во целината на новинарскиот прилог, приредена е така што да ја поткрепува манипулативната стратегија на – „атентат врз карактерот", пред сè преку методот – злоупотреба (*изврртување и претерување*) на општествено-политичките околности/аспекти:

1) Физичкото присуство на Зоран Заев, политичкиот лидер на опозицискиот СДСМ, на трибините од фудбалскиот стадион;

2) во прилогот прикажаната поддршка што преку социјалните мрежи Заев им ја дал на фудбалерите на ФК Шкендија (*„Навиваме за #Шкендија и за нов успех на #Македонија"*);

при што - и новинарот-водител на ТВ Дневникот преку најавата, и новинарот-автор на прилогот, ги поистоветуваат овие околности/аспекти, со неприфатливо јавно поведение на дел од навивачка група чија иконографија сугерира идеологија на етнички сепаратизам.

Тоа злонамерно поистоветување (*извртување/претерување*) направено е преку најавата за прилогот (цитат):

- *„Не верувам дека постои Македонец, дури ни од СДСМ, дури ни од неговото пошироко семејство, а камо ли од СДСМ, кој ја поддржува неговата појава да биде дел од радикалните навивачи на „Шкендија“ кои заговараат Голема Албанија и цело време на своето навивање ја поништуваат Македонија барајќи да биде поделена помеѓу Косово и Албанија“;*

односно - со новинарскиот прилог како аудиовизуелна целина, посебно преку неговиот коментаторски заклучок / поента (цитат):

- *„Шкендија на овој натпревар загуби 4:0, но тоа е најмалку важно. Она што најмногу треба да загрижува е: Која држава ја претставува „Шкендија“? Иако клубот испрати соопштение во јавноста со кое потенцираше дека ја претставува Македонија низ Европа, доволно е да се погледнат сликите од натпреварот и ќе се забележи дека се веат знамиња на Албанија, на УЧК и карти на Голема Албанија. Во тоа ги поддржа лидерот на СДСМ Зоран Заев. Сам се пофали на социјалните мрежи. На јавноста, а посебно на навивачките групи воопшто не им се допадна ова. Дел од групите му порачаа на лидерот на СДСМ дека не е добредојден на ниту еден натпревар на кој тие ќе играат, како и му порачаа дека ги имаат Гоце Делчев, Јане Сандански и Даме Груев, а не Џемо Хаса. Со осуда излезе и член на битолските Чкембари кој јавно го покани Заев да присуствува на натпревар на „Пелистер“, порачувајќи му дека нема да си оди од Тумбе Кафе“;*

Неодржливоста и злонамерноста на ваквиот вид манипулација со јавното мислење, стануваат очебијни доколку цитираните тези од најавата и од новинарскиот коментар логички се проверат преку прашањето: Дали осудата за наводна - „поддршка на етнички радикализам“, што целината на прилогот му ја припишува на Зоран Заев како претседател на опозицискиот СДСМ, важи и за сите други што биле присутни на стадионот, и, консеквентно – која е, пак, според тие мерила, улогата на етничките Македонци што работат и што се натпреваруваат за ФК Шкендија?

Имајќи ги предвид погоре цитираните етички одредби за професионалното новинарско работење од членот 61 на ЗААВМУ, и тоа во контекст на македонскиот мултиетнички општествено - политички амбиент, постои сосема оправдано стравување дека со ваквиот новинарски прилог - згора на сè премиерно емитуван во централното информативно издание – се отвора опасноста аудиовизуелната целина да се протолкува како тенденција за популистичко, етнички стереотипно поистоветување на - *спортски ривалитет* со - *меѓуетнички ривалитет.*

8. **Предлог:** Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да го извести Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за претставката и за наодите од надзорот, и да му укаже на фактот дека треба сериозно и доследно да ги почитува начелата од членот 61 став 1 алинеи: 1, 2, 3, 6 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***